РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

12-2410/2
24-11-2021

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 55-тата седница одржана на ден 16.11.2021 година донесе

**О Д Л У К А**

Пријавата број 12-2410/1 од 07.07.2021 година доставена за налози за извршување издадени од страна на Извршител -------------, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК оцени дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај од причина што се работи за документација, во случајот, Налози за извршување издадени од извршител од надлежен суд и истите се спроведени согласно Законот за извршување (член 96 и член 141).

Предметот со број 12-2410 од 2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, -------------- од ---------- на ден 07.07.2021 година, поднесена е пријава - укажување, со што е оформен предметот со број 12-2410 од 2021.

Со пријавата подносителот наведува дека Налозите за извршување И.бр.----/----- и И.бр. -----/------ издадени од страна на Извршител -----------------------, именувана од страна на подрачјето на Основен кривичен суд ---------- и Основен граѓански суд --------, како што е наведено во пријавата, „содржат елементи на кривично дело" ,бидејќи самите постапки биле извршувани со посретство на извршител, а не директно преку Управата за јавни приходи со што извршителот на штета на должникот се стекнувал со корист.

Во прилог на пријавата пријавителот доставил и копија од спомenатите налози за извршување од кои може да се констатира дека истите се издадени согласно два различни основи од Законот за извршување, односно по член 96 и член 141.

Имено, со Налог за извршување И.бр.------/------ му се наложува на должникот ---------------------- во рок од три дена да изврши уплата на наведените износи сметка на Извршителот ----------------------, додека со Налогот за извршување со И.бр.-----/----- се определува забрана на 1/3 од плата на должникот ------------------ и му се наложува на работодавецот ------------ ДООЕЛ ------- да го исплатува забранетиот износ од платата на должникот на сметка на Извршителот ----------------------.

Пријавителот во пријавата укажува дека истите содржат насоместок за награда на извршителот и тоа со различен износ како и трошоци за присилна наплата, и дека доколку би биле спроведени во постапка од страна на Управата за јавни приходи овие надоместоци би биле многу помали и со тоа должниците не би биле изложени на големи трошоци.

По разгледувањето на предметните наводи, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека во предметниот случај пријавените наводи во пријавата - укажување не содржи елементи на надлежно постапување од причина што се работи за документација, односно во случајот, Налози за извршување издадени од извршител од надлежен суд и истите се спроведени согласно Законот за извршување (член 96 и член 141) .

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до
-подносителот

Изготвил: м-р К.З., Советник
Одобрил: м-р В.Г., Член на ДКСК